# ПРОГРАМА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И ДРУГИТЕ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ПРИ ООУ„ДИМКАТА АНГЕЛОВ- ГАБЕРОТ“ С.ВАТАША ВО УЧЕБНАТА 2021/2022 ГОДИНА

Стручен тим за изработка на програмата за екскурзии, излети и настава во природа се:

- Директор – Марјанчо Јанкулов
- Одделенски раководител - Ана Карадакова
- Одделенски раководител – Добринка Ласкова
- Класен раководител – Ѓурѓица Косовска
- Класен раководител - Александра Кузманова

***Ваташа, 2021 година***

## *Содржина*


1. Вовед.......................................................................................................................... стр.3
2. Преглед на екскурзии, излети и настава во природа................................................. стр. 4
3. Програма за изведување на излет наменет за учениците од
I,II,IV и V одд....................................................................................................... стр. 5, 6 и 7
4. Програма за изведување на излет наменет за учениците од VII VIII одделение......стр.7 и 8
5. Програма за изведување на настава во природа..................................................стр.9 -18
6. Програма за изведување на екскурзија за трето одделение .........................................стр.19
7. Програма за изведување на ексурзија за шесто одд............................................ стр.20
8. Програма за изведување на ексурзија за девето одд........................................... стр.21 и 22

# 1. ВОВЕД

Излетите и екскурзиите се планираат со Годишната програма за работа на училиштето.

Согласно Годишната програма за работа на училиштето, како и Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии, излети и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта, од страна на Стручен тим донесена е Програма за изведување на ученичките екскурзии, излети и другите вонучилишни активности за учебната 2021/2022 година.

При планирањето за потребите на Годишната програма се определува колку и какви активности од овој вид се предвидуваат, за кои ученици е секоја од нив наменета и кои се глобалните цели што треба со секоја од нив да се постигнат.

Во Програмата се опфатени следните податоци:

1. Колку и какви екскурзии, излети и други вонучилишни активности;
2. Воспитно-образовни цели и задачи;
3. Содржина и опис на активности;
4. Одговорен наставник и други вклучени наставници и ученици;
5. Времетраење;
6. Следење на реализацијата;
7. Локации за посета и правци на патување;
8. Техничката организација, и
9. Начин на финансирање.

За подготовките од стручно-педагошки и техничко-организационен и безбедносен карактер и изведување на екскурзиите и другите вонучилишни активности во училиштето се грижи стручниот тим формиран со Одлука од Училишен одбор.

Согласно Правилникот по добивање на позитивно мислење за реализација на екскурзијата од Советот на родители, БРО и Советот на Општината, програмата се презентира пред Училишниот одбор кој дава своја согласност и има целосен увид во организацијата, избор на агенција и реализацијата на екскурзијата.

Учениците кои нема да учествуваат во екскурзијата, согласно Правилникот училиштето ќе им организира настава.

**План на излети/екскурзии/настава во природа за учебната 2021/2022 година**

| бр. | Екскурзија | Одд. | предмет | место | време | време-траење | раководители | финансирање |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Еднодневна екскурзија | III | / | Скопје | мај | Еден ден | Валентина Димова<br>Ана Карадакова | родители |
| 2 | Дводневна екскурзија | VI | / | с.Ваташа-Берово -Струмица-Дојран-с.Ваташа | мај | Два дена | Оливера Д.Ѓорчева<br>Даниела Мојсов | родители |
| 3 | Тридневна Екскурзија | IX | / | с.Ваташа-Прилеп-Битола-Струга-Вевчани -Охрид-Дебарско езеро-Скопје-с.Ваташа | мај | три дена | Добре Паризов<br>Илинка Златева | родители |

| бр. | Вид на активност | Одд. | предмет | место | време | време-траење | раководител | финансирање |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Излет | I | / | 12 Другари Ваташа | мај | Еден ден | Добринка Ласкова<br>Македонка Ш.Мицова | родители |
| 2 | Излет | II | / | 12 Другари Ваташа | мај | Еден ден | Анета Николова<br>Јорданка Цекова | родители |
| 3 | Излет | IV | / | 12 Другари Ваташа | мај | Еден ден | Златка Окардова<br>Гордана Велкова | родители |
| 4 | Излет | V | / | 12 Другари Ваташа | мај | Еден ден | Надица Стрезоска<br>Неда Шијакоска | родители |
| 5 | Настава во природа | V | / | Охрид | мај | Три дена | актив на 5 одделение | родители |
| 6 | Излет | VII и VIII | / | с.Ваташа, ТЕЦ-Неготино-с.Ваташа | мај | Еден ден | Ѓурѓица Косовска<br>Софија Соколова<br>Александра Кузманова<br>Марија Петрова | родители |

**Програма за еднодневен излет за I одд**
**во учебната 2021/2022**

Во текот на учебната 2021/2022 год. планиран е еднодневен излет на релација с.Ваташа-12 Другари–с.Ваташа за учениците од првите одделенија.

**Цел:** Да ги развиваат истражувачките афинитети преку визуелни и тактилни сензори;
-размена на идеи, истражувачка и ликовни начини на изразување.

**Задачи:** Развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности.

**Содржини и опис на активности:** Набљудување, истражување, творење во природа.

**Одговорен наставник, други наставници и ученици:**
Добринка Ласкова-раководител на излетот
Македонка Ш.Мицова –наставник
Сите ученици од прво одделение.

**Времетраење:** еднодневен, месец  мај 2022 година.

**Локација за посета и правци на патување:** с.Ваташа -12 Другари– с.Ваташа

**Начин на финансирање:** Родителите нема да бидат обврзани со финансирање, бидејќи излетот ќе се реализира со пешачење до локацијата.

**Програма за еднодневен излет за II одд**
**во учебната 2021/2022**

Во текот на учебната 2021/2022 год. планиран е еднодневен излет на релација с.Ваташа-12 Другари–с.Ваташа за учениците од вторите одделенија.

**Цел:** Да ги развиваат истражувачките афинитети преку визуелни и тактилни сензори;
-размена на идеи, истражувачка и ликовни начини на изразување.

**Задачи:** Развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности.

**Содржини и опис на активности:** Набљудување, истражување, творење во природа.

**Одговорен наставник, други наставници и ученици:**
Јорданка Цекова-раководител на излетот
Анета Николова-наставник
Сите ученици од второ одделение.

**Времетраење:** еднодневен, месец  мај 2022 година

**Локација за посета и правци на патување:** с.Ваташа -12 Другари– с.Ваташа
**Начин на финансирање:** Родителите нема да бидат обврзани со финансирање, бидејќи излетот ќе се реализира со пешачење до локацијата.

**Програма за еднодневен излет за IVодд**
**во учебната 2021/2022**

Во текот на учебната 2021/2022 год. планиран е еднодневен излет на релација с.-Ваташа- 12 Другари–с.Ваташа за учениците од четвртите одделенија.

**Цел:** Да ги развиваат истражувачките афинитети преку визуелни и тактилни сензори;
-размена на идеи, истражувачка и ликовни начини на изразување.

**Задачи:** Развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности.

**Содржини и опис на активности:** Набљудување, истражување, творење во природа.

**Одговорен наставник, други наставници и ученици:**
Златка Окардова – раководител-одделенски наставник
Гордана Велкова -  одделенски наставник
Сите ученици од четврто одделение

**Времетраење:** еднодневен, месец мај 2022 година

**Локација за посета и правци на патување:** с.-Ваташа- 12 Другари–с.Ваташа

**Начин на финансирање**: Родителите нема да бидат обврзани со финансирање, бидејќи излетот ќе се реализира со пешачење до локацијата.

**Програма за еднодневен излет за V одд**
**во учебната 2021/2022**

Во текот на учебната 2021/2022 год. планиран е еднодневен излет на релација с-Ваташа - 12 Другари-с.Ваташа за учениците од петтите одделенија.

**Цел:** Да ги развиваат истражувачките афинитети преку визуелни и тактилни сензори;
-размена на идеи, истражувачка и ликовни начини на изразување.

**Задачи:** Развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности.

**Содржини и опис на активности:** Набљудување, истражување, творење во природа.

**Одговорен наставник, други наставници и ученици:**
Надица Стрезовска- раководител -одделенски наставник
Неда Шијакоска -одделенски наставник
Сите ученици од петто одделение

**Времетраење:** еднодневен, месец мај 2022 година

**Локација за посета и правци на патување:** с. Ваташа-12 Другари –с.Ваташа

**Начин на финансирање**: Родителите нема да бидат обврзани со финансирање, бидејќи излетот ќе се реализира со пешачење до локацијата.

## Програма за еднодневен излет за VII и VIII одд.
## во учебната 2021/2022

Во текот на учебната 2021/2022 год. планиран е еднодневен излет на релација с.Ваташа-Тец Неготино–с.Ваташа за учениците од седмо и осмо одделение.

**Воспитно образовни цели:**
- Совладување, проширување на знаења, примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите како и односи во природната и општествената средина, индустриските и земјоделските капацитети, во согласност со воспитно-образовната работа на училиштето.

**Задачи**:
- Изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот;
- Развивање интерес кон природата и градење еколошки навики;
- Запознавање со индустриските капацитети и производството на електрична енергија како и со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви;
- Поттикнување и манифестирање на позитивни емоции;
- Социализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;
- Рекреација и создавање навики за здраво живеење.

**Содржина и опис на активности:** Учениците ќе ја посетат термо-електричната централа во Неготино, каде што стручните лица детално ќе им го објаснат процесот на производство на електрична енергија.

**Одговорен наставник, други наставници и ученици:**
Александра Кузманова -раководител на излетот-кл.раководител
Марија Петрова –кл.раководител
Софија Соколова-кл.раководител
Ѓурѓица Косовска -кл.раководител
Ученици од седмо и осмо одделение

**Времетарење:** еден ден

**Време на реализација:** месец Мај, 2022 година.

**Локации за посета и правци на патување:** с. Ваташа-Неготино- ТЕЦ Неготино-с. Ваташа

**Техничка организација**: Ќе се изведува согласно Правилник за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта. Членовите на училишниот тим ќе ги превземат сите потребни постапки за реализација на истата. Патувањето ќе биде со современи автобуси кои ги исполнуваат потребните стандарди

**Начин на финансирање:** Ученичкиот излет го финансираат родителите на учениците во целост.

**План за настава во природа за V одд**
**во учебната 2021/2022**

Во текот на учебната 2021/2022 год. планирана е настава во природа на релација с.Ваташа-Охрид-с.Ваташа за учениците од петите одделенија.

**Цел:** Да ги развиваат истражувачките афинитети преку визуелни и тактилни сензори;
-размена на идеи, истражувачка и ликовни начини на изразување.

**Задачи:** Развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности.

**Содржини и опис на активности**: Набљудување, истражување, творење во природа.

**Одговорни наставници, други наставници и ученици:**
Актив на V одделение со учениците

**Времетраење:** тридневен, месец мај 2022

**Локација за посета и правци на патување:** с.Ваташа-Охрид– с.Ваташа

**Начин на финансирање**: родителите.

**Програма за организирање и реализација на настава во природа во текот на учебната 2021/2022 год. со учениците од V одделение**

**Место на изведување:** Детско одмаралиште ‘’Радости’’ Охрид
**Време на изведување**: мај 2022 год.

Врз основа на член 42 став 1 од Законот за основно образование (Службен весник на РСМ бр.161 од 05.08.2019год.), Министерот за образование донесе Правилник за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта.

Врз основа на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2021/22 година и со одлука на Училишниот одбор како и согласно член 7 од Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии и други вонучилишни активности на учениците од основните училишта донесен од МОН, Стручниот тим за изведување на ученички екскурзии при ООУ „Димката Ангелов Габерот“ с.Ваташа, Кавадарци, изработи Програма за настава во природа за V одделение.

Основното училиште ООУ „Димката Ангелов Габерот“ с.Ваташа, Кавадарци, со учениците од V одделение во учебната 2021/2022 година планира да изведе тридневна настава во природа во Охрид во мај 2022 година.

- **Цел на наставата во природа:**

- Да се запознаат со природното, културното и историското наследство

- Да се развијат патриотски чувства и чувства на припадност кон својата земја
- Да се потикнува развојот на самостојност кај учениците, социјализација и колективна заштита
- Да ги почитуваат традицијата и културното наследство на својата заедница и другите заедници во родниот крај
- Да се развива љубопитноста ( да се поставуваат прашања и да се одговара на нив)
- Стекнатите знаења во училница да се применат во конкретни ситуации на терен
- Да се разберат настаните и појавите во природата( животот покрај река, езеро, во ридски предели) и градење на еколошки навики
- Да се развиваат способности кај учениците (мисловни способности, разни мануелни спосбности)
- Поттикнување на позитивни чувства
- Едукација, другарувања, рекреација, спортски активности

**Воспитни цели:**

- Почитување на културните традиции
- Почитување на знаења и искуства на возрасните
- Воспоставување, развивање и негување на пријателство
- Почитување и љубов кон природата и нејзиното наследство
- Љубов кон татковината

- **Задачи**

**Наставата во природа треба да обезбеди:**

- Да се изучат и истражат објектите и појавите во природата како и односите во општествниот живот
- Да се развива интерес за природата и градање на еколошки навики
- Да се изгради чувство на патриотизам, толеранција и соживот
- Да се развива позитивен однос кон: националните, културните и естетските вредности
- Да се поттикнат и манифестираат позитивните емоции
- Да се развива социјализацијата, колективната заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе
- Да се развива интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.

**Содржини и опис на активности:**

- Утврдување, проширување, систематизирање и практично применување на сознанијата за убавините на нашата татковина.
- Спомениците сведочат за историјата и за минатото.
- Убавините на родниот крај.
- Културните традиции на мојата татковина.

За наставата во природа е избран Охрид, за да може учениците да се запознаат со јужниот дел на нашата татковина, со прекрасните убавини на планината Галичица, Охридското Езеро и неговото крајбрежје, со карактеристиките на релјефот(ридче, рид,

планина, котлина, поле, река, селска населба и друго), а исто така учениците да се запознаат со животинскиот и растителниот свет, со поими непосредно поврзани со сообраќајот, со стопанските објекти,туризмот, со животот и работат на луѓето во регионот, со богатствата на земјата и со минатото на овој регион и нашата татковина РСМ.

**Раководител:**

Надица Стрезовска

**Учесници :** Одделенските наставници: Надица Стрезовска и Неда Шијакоска и 80 % од учениците од V одделение

**Времетраење на наставата во природа:**

Наставата во природа за V одделение ќе се изведува во времетраење од три дена.

**Место на поаѓање:** Пред училиште

**Време на поаѓање:** 8:00 часот (учениците да бидат на местото на поаѓање во 7:30 часот).

**Сместување:**

Одморалиште „Радости“ Охрид

- Се наоѓа во градот Охрид. Објектот ги има сите потребни стандарди кои се неопходни во однос на намената на објектот. Располага со доволен број на соби ( двокреветни и трокреветни ) за да се сместат учениците, содржи добро организиран простор за одржување на личната хигиена.

Хигиената во објектот, кујната и другите простории се одржува на високо ниво, а убавата трпезарија и другите пропратни простории ќе придонесат за пријатен престој на учениците. Училница за реализирање на предвидените часови. Спортските објекти и терени во непосредната околина ќе придонесат за непречено реализирање на спортско рекреативните активности, утринската гимнастика, спортските натпреварувања меѓу учениците и друго.

**Цели:**

- Запознавање со стопанскииот развој на овој крај, соработка со останатите делови на татковината и нивна сообраќајна поврзаност
- проширување на знаењата за релјефот, климата, истечните води, растителниот и животинскиот свет и други карактеристики за овој дел од Западна Македонија
- сознаваат за минатото, културата и традицијата на македонскиот народ и народностите
- проширување на знаењата за владеењето на Цар Самуил, писменост, владеењето на Османлиите
- набљудуваат, опишуваат споменици на култура и го објаснуваат нивното значење
- формираат позитивни ставови и навики за посета на спомениците на култура и стекнуваат правилен однос кон истите
- го знаат значењето на словенската писменост и првите словенски просветители
- развиваат патриотизам,хуманист, толеранција

- ја препознаваат зависноста и поврзаноста на туризмот со минатото, културата и традицијата
- подготвуваат изложби од собраниот материал
- знаат да употребуваат различни извори на знаења
- развиваат патриотски чувства
- развиваат толеранција кон другите култури и религии
- развиваат самостојност, трудољубивост, уредност, точност, одговорност, пријателство, толеранција, љубопитност, критичност
- развиваат правилен однос кон тимската работа
- развивање на почит кон познатите и заслужните личности, љубов и негување на нашата богата музичка традиција

**ТЕМА: Република Северна Македонија - културна ризница во светот**

ЦЕЛИ:

МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

- Да се оспособува да пишува текст на зададени теми;
- Да се опишува детално доживеана појава (опис на Охридското Езеро), опис на просторот во кој се наоѓа (опис на одмаралиштето и неговата околина) забележување на деталите и опишување на виденото;

МАТЕМАТИКА

- Да ја разбира плоштината како величина која се мери, спроведува и изразува со број;
- Да ги препознава и користи единиците мерки: квадратен сантиметар, квадратен дециметар, квадратен метар;

ОПШТЕСТВО

- Да ги запознае најважните културно историски знаменитости
- Проширување за владеењето на Цар Самуил, ширењето на Охридската Архиепископија, словенската писменост, владеењето на Османлиите

ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

- Да знае соодветно да ги користи подлогите, приборот и сликарските материјали;
- Да забележува различни тонови на боја во природата;
- Да покажува голема осетливост на детали;
- Да го воочува и користи комплеметарниот контраст на бои;

МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

- Да го развива опсегот на гласот;
- Да свири на ДМИ;
- Да развива навики за активно слушање на музика.

ФИЗИЧКО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ:

- Да увежбува и совладува елементи од фудбалот, одбојка;
- Да ја сознае улогата на моториката поврзана со елементите со топка , слободно одење и движење со топка;
- Развивање на мускулатурата на телото; подвижноста и ориентација и координација во просторот.

АКТИВНОСТИ:

ОПШТЕСТВО

- Посета на историски споменици и археолошки пронаоѓалишта;
- Самоилова тврдина-разговор со кустос за настанокот на Самоиловото царство и значењето на истото за потелото на македонската држава;
- Проширување на знаењата за поимот археологија и археолог преку разговор со археолог
- Остатоци од стари градби, цркви, манастири, фрески(Струшката чаршија, Охридската чаршија, Куќата на Робевци, црквата Св. Софија, Плаошник) проширување на знаењата за фреско сликарство, копаничарство-резбарска уметност;
- Изработка на плакат - Културното наследство на Р.С.Македонија со слики и цртежи;
- Техника грозд: Изработка на грозд за природните особености на Р.С.Македонија (релјеф, боди, природни богатства)
- Изработка на туристичка карта на Р.С. Македонија на посетените места;
- Табела на поими – каратеристики на видови животни и растенија во Охридското Езеро

ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

- Набљудување на непосредната околина (Охридско Езеро и пошироко);
- Забележува внатрешен и надворешен простор;
- Сликање комбинација на мали и големи форми;
- Анализа на предмети од природата и воочување на бојата.

МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

- Набљудување (опис на Охридското Езеро, флора и фауна, стари градби, музеи и сл.)
- Раскажување по дадени тематски зборови
- Вежби за самостојно прераскажување на настан слушнат од друго лице;
- Самостојно творење (проза и поезија-слободно и по дадена тема).

МАТЕМАТИКА:

- Практичи активности за изработка на сложени фигури, составени од повеќе правоаголници и квадрати;
- Изработка на квадрат и правоаголник од колаж хартија од поголема површина хартија;

МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ:

- Изработка на ДМИ од природни материјали (тропалка од кутија со камења, тропалка од метални предмети и сл.)
- Свирење на фрази со импровизирани ДМИ направени од природни материјали
- Пеење на песни со различни содржини.

ФИЗИЧКО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ

- Слободно водење на топка во фудбалот;
- Слободно фудбалско шутирање и шутирање на топка во одредена цел и во гол
- Народна топка и одбојка
- Натпревар меѓу одделенија

ОЦЕНУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ:

Во текот на наставата редовно ќе се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираност за работа, ангажираност и посветеност во работата, практична работа, посети, помош на своето другарче во работата, тимска работа во парови, индивидуален пристап на секое дете, усно и писмено изразување.Приоритетно се оценуваат умеењата на учениците во процесот на изведување на конкретна задача.

| Помошни средства за реализација на програмата | |
|---|---|
| Дидактички помагала и извори | Други помошни сретства |
| Дневен печат ,списанија<br>Слики,апликации,тв емисии<br>Учебник по општество<br>Енциклопедии<br>Наставни ливчиња<br>Географска читанка<br>Историска читанка | Восочни<br>водени бои<br>фломастери<br>темперни бои<br>четки<br>ножици<br>лепак<br>глина<br>монистри<br>камчиња<br>блок<br>колаж хартија |
| Внатрешни соработници | Надворешни соработници |
| • Актив на одд. настава | Активот на петто одделение – наставниците<br>Неда Шијакоска и Надица Стрезоска и<br>Ученици од петто одделение |

**Локации за посета и правци на патување**

| Опис на активности по денови | | |
|---|---|---|
| Ден | Ученици | Ментор наставник |
| 1. | Разгледување на попатните знаменитости:<br>- Прилеп: Горен град и Маркови кули,<br>- Течение на Црна река<br>- Пристигнување и сместување | Советува,помага доколку нешто не е јасно,<br>ја проверува работата на учениците,<br>постојано ги насочува кон творечка работа,<br>самостојност , снаодливост и креативност. |
| 1 | • Прошетка покрај езерото<br>• Запознавање со околината и Охридско Езеро<br>• Запознавање на легендата за Охридско езеро | Менторот ги известува учениците<br>за планираните посети настанокот на езерата,<br>помага и дава насоки за работата на групата<br><br>Читање на интересни текстови, преданија и<br>легенди кои народот ги напишал како народни<br>мудрости; |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Прошетка и разгледување на околината. |
| 2 | Се запознаваат со животот и работата на луѓето<br>Посета во Охрид и неговата околина:<br>- Катедралната црква Св.Софија<br>Антички анфитеатар<br>Самоилова тврдина<br>Спомен куќата на Робевци<br>Плаошник – музеј на словенската писменост<br>Св.Јован Канео<br>Работилница за рачно изработување на хартија<br>Воден град<br>Прошетка низ чаршијата | Менторот ги известува,води,разговара Учениците за планираните посети, за животот и работата на луѓето охридскиот крај во минатото.<br><br>- Водење конструктивен разговор со учениците;<br><br>- Илустрација на Охридската чаршија;<br><br>- Пишување кратки состави од ова разгледување и интересно поминат ден заедно со своите другарчиња |
| 3 | - Прошетка низ околината каде се сместени<br>- Набудување и стражување на растителниот и животинскиот свет во вода и покрај неа<br>- Посета на ,,Заливот на коските,,<br>- Разгледување на фреските и иконите во црквата Св.Наум.<br>- Пишување извештаи од набљудувањето | Ја подготвува изложбата ( инсектариум,хербариум.цртежи и лични творби)<br>Запознавање на учениците со обласга која неодамна е пронајдена и отворена како археолошко наоѓалиште и сведок на нашата богата историја и постоење;<br><br>- Откривање и проширување на новите знаења за оваа област; |

| | | |
|---|---|---|
| 3 | - Разгледување на попатните знаменитости при враќање во Кавадарци<br>- Национален парк „Пелистер“, | Советува,помага доколку нешто не е јасно,<br>ја проверува работата на учениците,<br>постојано ги насочува кон творечка работа,<br>самостојност , снаодливост и креативност |

**Очекувани резултати:**
Стекнување сознанија

- дека постојат различни видови споменици на културата
- дека спомениците на културата и предметите од минатото може да се поделат според времето кога настанале
- дека спомениците и предметите од минатото се одржуваат на специфичен начин
- човековата негрижа ги уништува спомениците од минатото а уште повеќе природните убавини и богатства
- ја сфаќаат потребата за заштита  на спомениците
- ја воочуваат поврзаноста на туризмот со спомениците на културата и културата на живеењето
- дека секое поднебје има своја специфична флора и фауна

**Распоред на задачите во групата**
Задачите во групата се определуваат според интерест на учениците.Се определува точно кој ќе набљудува, кој ќе проучува.
Работата треба да тече според дадениот план.
Начинот на работа на групата го следи и насочува наставникот - ментор.
**ПРВИОТ ДЕН** учениците ќе посетат повеќе места.За време на посетите податоците ќе ги прибираат во посебна тетраткаи врз основа на податоците ќе подготвуваат извештај на крајот на денот.
Учениците ќе се запознаат со околината, и крајбрежјето на Охридското езеро

- Запознавање со легендата на настанување на езерото, загадување, екологија.Сите сознанија ги запишуваат во својот дневник за набљудување, а потоа ги средуваат впечатоците и прават извештаи за извршената посета.
- Писмена вежба ‘’Легендата за настанување на Охридското Езеро’’
- Цртање на езерото
- Решавање комбинирани задачи
- Учество на натпревар ‘’Златен глас’’
- Доделување награди

**ВТОРИОТ ДЕН** учениците го посетуваат градот Охрид и сите културно - историски знаменитости во него.
Сознанијата ги запишуваат во својот дневник за набљудување.
Во одмаралиштето ги средуваат впечатоците и прават извештај од набљудувањето.

- Говорна вежба ‘’Впечатоци од престојот во Охрид’’
- Културно - забавна програма ‘’Маскенбал’’

- Доделување награди

учениците се запознават со растителниот свет во водата и покрај неа.Собираат различни видови растенија и ги воочуваат нивните услови за живот.

- Изработка на хербариум
- Работа со податоци
- Доделување награди

**ТРЕТИОТ ДЕН** учениците се подготвуваат за враќање во местото на живеење.За време на патувањето ќе ја сликаат природата.

**Очекувани резултати**

Теренската работа треба да овозможи подобро знаење и разбирање на околината во која живееме.

Учениците се ставени пред решавање на проблем и подетално набљудување.

Социјализацијата на децата е поголема бидејќи децата работат тимски ги надополнуваат своите сознанија и заеднички ги решаваат проблемите.

Преку директно набљудување и истражување децата ќе дојдат до потрајни и побогати сознанија.

**Техничка организација:**

Согласно Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии и други вонучилишни активности на учениците од основните училишта донесен од МОН, ООУ„Димката Ангелов Габерот“ с.Ваташа, Кавадарци ќе спроведе постапка со барање за прибирање на понуди за организирање на настава во природа со објавување на јавен оглас во најмалку два весника.

Постапката ќе ја спроведува Комисијата составена од пет члена и тоа три члена од редовите на членовите на Советот на родители и два члена од редот на наставниците.

Наставата во природа ќе ја реализира Туристичка Агенција која што ќе биде избрана од страна на училишната комисија за избор на најповолна цена.

**Начин на финансирање:**

Наставата во природа ќе ја финансираат родителите/старателите на учениците.

**Актив на петто одделение:**
**Надица Стрезовска**
**Неда Шијакоска**

**Програма за еднодневна екскурзија за трето одделение**
**во учебната 2021/2022**

Во текот на учебната 2021/2022 год. планирана е еднодневна екскурзија на релација с.Ваташа- Скопје-с.Ваташа.

**Цел:** Да се запознаат со убавините на нашата татковина.

**Задачи:** Да се развие интерес за природата и да се изгради еколошка свест, социјализација и стекнување на искуства за осамостојување и грижа за себе.

Да се поттикнат да ги исполнат позитивните емоционални доживувања.

**Содржини и опис на активности:**
Посета на: кањон Матка, манастир „Успение на Пресвета Богородица“ - Матка, манастир св.Андреј - Матка, Скупи, Римскиот Вијадукт, Скопско кале, Стара чаршија, Аеродромот-Скопје, Спомен куќа на Мајка Тереза,музејски комплекс Македонска борба,мемориален музеј на Холокаустот, Црква св.Спас-Скопје

**Одговорен наставник, други наставници и ученици:**
Валентина Димова -раководител на екскурзијата
Ана Карадакова – одделенски наставник
Учениците од трето одделение

**Времетраење:** еднодневна, месец мај 2022

**Локација за посета и правци на патување**: с.Ваташа—Скопје- с.Ваташа

**Начин на финансирање:** родителите.
Реализацијата е во согласност со правилникот за изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни актиности на учениците од основните училишта.

**Актив на трето одделение**
**Валентина Димова**
**Ана Карадакова**

**Програма за дводневна екскурзија за шесто одделение
во учебната 2021/2022**

Во текот на учебната 2021/2022год. планирана е дводневна екскурзија на релација с.Ваташа- Берово-Струмица-Дојран –с.Ваташа

**Цел:** Да се запознаат со убавините на нашата татковина.

**Задачи:** Да се развие интерес за природата и да се изгради еколошка свест, социјализација и стекнување на искуства за осамостојување и грижа за себе.

Да се поттикнат да ги исполнат позитивните емоционални доживувања.

**Содржини и опис на активности**: Посета на градот Берово-Беровско Езеро,Струмица-Манастир "Успение на Пресвета Богородица" – Велуса, Манастир ,,Св. Леонтиј" – Водоча, Колешенски водопади,Смоларски Водопоади,Дојран-Дојранско Езеро,
с.Ваташа.

**Одговорен наставник, други наставници и ученици:**
Оливера Д.Ѓорчева-раководител на екскурзијата
Даниела Мојсов- класен раководител
Ученици од шесто одделение

**Техничка организација:** Ќе се изведува согласно Правилник за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта. Училишната комисија за спроведување на екскурзии и други слободни активности ќе ги превземе сите потребни постапки за реализација на истата. Патувањето ќе биде со современи автобуси кои ги исполнуваат потребните стандарди.

**Времетраење:** дводневна, месец мај 2022 година

**Локација за посета и правци на патување**: с.Ваташа-Берово -Струмица-Дојран-с.Ваташа

**Начин на финансирање:** родителите.

Реализацијата е во согласност со правилникот за изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни актиности на учениците од основните училишта.

**Актив на шесто одделение**
**Оливера Д.Ѓорчева**
**Даниела Мојсов**

**Програма за тродневна екскурзија за 9 (деветто) одделение во учебната 2021/ 2022 година**

Во текот на учебната 2021/22 год. планирана е тридневна екскурзија на релација: с.Ваташа – Прилеп – Битола – Охрид.

**Цел:**
Да ги прошират знаењата за својот роден крај и својата татковина

**Задачи:**
Да се развие интересот за природата и да се изгради еколошка свест, социјализација и стекнување на искуства за осамостојување и грижа за себе;

**Содржини и опис на активности:**
Посета на градот Прилеп, со знаменитостите Горен Град,Маркови Кули,се посетува Битола „Хераклеа„и Национален парк „Пелистер„се посетува Струга посета на Природнонаучен музеј,посета на Вевчани и Вевчански извори, посета на градот Охрид со знаменитостите Лихнидос, Стари град,Антички тетар,Плаошник,Самоилова тврдина, се посетува градот Дебар со посета на Кањонот на Радика и Бигорски манастир Св.Јован Бигорски,посета град Скопје со посета на Скопско кале, Стара чаршија, за да се поттикнат за зачувување на националното богатство на својата татковина и да ги исполнат позитивните емоционални доживувања.

**Одговорен наставник, други наставници и ученици:**
Илинка Златева - раководител на екскурзијата
Добре Паризов –класен раководител
Ученици од деветто одделение

**Времетраење**: -три дена - мај 2022 година

**Локации за посета и правци на патување:** с.Ваташа – Посета на градот Прилеп, со знаменитостите Горен Град,Маркови Кули,се посетува Битола „Хераклеа„и Национален парк „Пелистер„ се посетува Струга посета на Природнонаучен музеј, посета на Вевчани и Вебчански извори, посета на градот Охрид со знаменитостите Лихнидос, Стари град, Антички театар, Плаошник, Самоилова тврдина,се посетува градот Дебар со посета на Кањонот на Радика и Бигорски манастир Св, Јован Бигорски, посета град Скопје со посета на Скопс кокале, Стара чаршија
Локација за посета и правци на патување: с.вВаташа-Прилеп-Битола-Струга-Вевчани - Охрид-Дебарско езеро-Скопје-с.Ваташа

**Техничка организација**: Ќе се изведува согласно Правилник за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта. Училишната комисија за спроведување на екскурзии и други вонучилишни активности ќе ги превземе сите потребни постапки за реализација на истата. Патувањето ќе биде со современи автобуси кои ги исполнуваат потребните стандарди.

**Начин на финансирање:** родителите.
Реализацијата е во согласност со правилникот за изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни актиности на учениците од основните училишта.

**Актив на девето одделение**
**Илинка Златева**
**Добре Паризов**

Директор,

Марјанчо Јанкулов

------------------------------------